# Цивилизација

ЗАР Е МОЖНО ДА СЕ
ФАЛСИФИКУВА ИСТОРИЈА???
ПРЕД ЛИЦЕТО НА ЖИВИОТ БОГ
ИСТОРИЈАТА Е ЕДНА, НЕПОВТОРЛИ-
ВА И ТАКВА КАКВА ШТО Е.
МЕРЕЊЕТО НА ВРЕМЕТО ПРЕД И ПО
ХРИСТА ЗНАЧИ ДЕКА ОН Е ПОЧЕТОКОТ И
КРАЈОТ НА СЀ, И ДЕКА БЕЗ ХРИСТА, НЕМА
ИСТОРИЈА. ОВА НЕ ВАЖИ САМО ЗА ХРИСТИ-
ЈАНСТВОТО ТУКУ ЗА СИОТ СВЕТ, БИДЕЈЌИ НЕ
Е ВАЖНО КАКО НИЕ ЛУЃЕТО ЌЕ ГО
НАРЕЧЕМЕ ОНОЈ КОЈ ЗА СЕБЕСИ РЕКОЛ
'ЈАС СУМ ОНОЈ КОЈ Е'... ТА САМО ВО
ГРАНИЦИТЕ НА ТОЈ ИДЕНТИТЕТ
МОЖЕМЕ ДА ГО БАРАМЕ И СОПС-
ТВЕНИОТ.

†

# И СВЕТОСТ

ИСТОРИЈАТА на човештвото, приказната за непрекинатиот синџир на случувања отпосле падот на човекот и неговото напуштање на рајот, си има свој одреден тек...

Ако фрлиме еден бегол поглед врз општата светска историја, и тоа од првиот човек на светот, Адам, па до денес, ќе видиме дека меморијата на човековиот ум нема доволна широчина да ги чува апсолутно сите информации во однос на светот со човекот во него, а прашање е и дали е тоа потребно. Можеме само да претпоставуваме за точниот тек на настаните во времето и просторот, за развојот на човековото општество и за сите импликации што оттаму произлегуваат.

Ако е тоа неможно за човековиот ум, можно е за Бог и за умот Божји, и аналогно на тоа, на обожениот човечки ум. Ваквиот ум мисли на историјата на цивилизацијата од аспект на Божественото знаење, односно, од позиција на *просветленост*. Од таа позиција, што би рекол светиот Павле, не е знаењето светлина, туку светлината е знаење.

И можеме ние уште цел еден милениум да дебатираме чиј е Александар и дали бил хеленофил, и дали „Срби“ доаѓа од „сврби“, и дали Свети Климент бил Македонец и, воопшто, кои се оние што денес живеат на територијата на т.н. Македонија. Дали Власите имаат претензии кон Охрид или, пак, Косово ќе го има последниот збор во регионот. Тоа е сé во согласност со затемнетоста на нашиот ум, што е последица на гревопадот. Вистината е една, и кога ќе излеземе пред Неа, ќе престане лагата на овој свет. Бесполезни ќе бидат сите наши цивилизациски придобивки, а најбесполезни ќе бидат нашите умови ако не се препознаат себеси во Светлината на Оној Кој тогаш ќе биде сé во сé. Но додека да стане ова, треба да се исполни времето. Ни останува сета слобода и одговорност на изборот, како ќе ја осмислиме оваа полнота.

Уредникот